**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:


Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 22-07-2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3646 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 јуни 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 22 јули 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни да емитуваат најмалку 8 часа дневно програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. **Претходно изречена мерка:**
   - Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, емитуван на 6 јуни 2019 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела дневно, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 6 јуни 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, емитуваше 6 часа 16 минути и 14 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е **31.69%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (19 часа 47 минути и 24 секунди).

Половина од законскиот минимум (од 05:56:13) е 2 часа 58 минути и 7 секунди изворно создадена програма во РСМ на албански и на турски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 36 минути и 49 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 21 минута и 18 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, на 6 јуни 2019 година, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум изворно создадената програма како македонски аудиовизуелни дела во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***